**АПСТРАКТ**

Европската унија користи големи фискални трансфери на национално и регионално ниво со цел поттикнување на економската и социјалната кохезија. Во земјите членки на ЕУ структурните и кохезивните фондови го сочинуваат мнозинството на расходите на ЕУ. Литературата од оваа област укажува на важноста на прашањата поврзани со апсорпцијата на структурните фондови. Апсорпцискиот капацитетот е многу важен за способноста на една земја да добие помош од европските фондови и истата ефикасно да ја искористи. Земјите во развој често немаат доволно ваков капацитет. Тоа е случај и во Република Македонија.

Во овој докторски труд истражувањето се фокусира на факторите кои влијаат на слабата апсорпција на европските фондови во Република Македонија, особено во услови на актуелната економска криза, со цел да предложи активности за подобрување на капацитетот за апсорбирање на структурните фондови на ЕУ во иднина.

Инвестирањето во образованието е општо признато како еден од најважните двигатели на растот. Оттука, зајакнувањето на истражувањата, едукацијата и капацитетите за обука се многу важни за подобрување на апсорпцискиот капацитет во една држава.

Капацитетот за користење на европските фондови зависи и од степенот на информираност за можностите и начинот на користење на европските финансиски фондови, што е неминовно поврзано и со институционалниот, образовниот и менаџерскиот капацитет во земјите членки на ЕУ и земјите кандидати.

**Клучни зборови:** структурни и кохезиони фондови, апсорпциски капацитет, институционален и менаџерски капацитет, образование и обуки.

# ABSTRACT

The European Union uses large-scale fiscal transfers to national and regional levels to foster economic and social cohesion. The Structural and Cohesion Funds make up the majority of EU spending. The literature in the field shows the importance accorded to issues of structural funds absorption. Absorption capacity is very important for the ability of a country to receive aid from European funds and use it effectively. Developing countries often lack this capacity. It is case for Republic of Macedonia too.

The research is focusing on factors of weak absorption of European Funds in Republic of Macedonia under the current economic crisis circumstances, with aim to propose activities for improving capacity to absorb the EU Structural Funds in future.

Investment in education is generally recognised as one of the most important drivers of growth. Strengthening of research, education and training capacities is very important for improving of the absorption capacity in one country.

The capacity to use EU funds depends of the degree of awareness of the opportunities and knowledge required for use of EU funds. This is connected with the institutional capacity, education and management capacity in EU members and potential candidates.

**Keywords:** structural and cohesion funds, absorption capacity, institutional and managerial capacity, education and training.